## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Третото продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 28 јуни 2002 година

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собраниетона Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Никола Поповски поднесе амандмани за менвуање на член 6 и за бришење на член 30 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Џагор во салата).

Ве молам потивко.

Добро, најдете ги амандманите за да продолжиме со работа. Дали имаме претставник од Владата?

(Имаме).

Продолжуваме со претрес по амандманот.

Ве молам, отворам претрес по амандманот за менување на член 6, поднесен од рпатеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Петар Дуљанов, заменик министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Бидејќи настана еден дискутинуитет на оваа седница и околу расправата по Законто за измена на Законот за царини, сакам да појаснам на што се однесува овој поднесен амандман од колегата Поповски.

Сакам да ги потсетам колегите пратеници бидејќи врз основа на тоа појаснување мислам дека пратениците би го поддржале амандманот, сакам да потсетам дека ваков амандман на Законот за измена на Законот за царини имав поднесено јас. Меѓутоа, ве потсетувам дека тоа се случи на онаа седница кога се донесе онаа несреќна Одлука за секое стискање на копчето да земаме по 100 денари. И, седницата се возеше така турбо што не можевме навистина да престигнеме кој за што гласал.

Во тоа брзање, јас успеав да срочам еден амандман што некој иницираше со она што го кажав како образложение. Ова, фактички, претставува само техничко дотерување на овој мој амандман, а се однесува конкретно на бришење на членот 24-а од постојниот Закон за царини.

Постојниот член 24-а од Законот за царини преферира давање контингенти од страна на министерот за економија кому ќе му текне и како ќе му текне. Истиот тој член 24-а од Законот за царини е апсолутно не конзистентен со она што го бара европското законодавство, со она што го бара Светската трговска организација. Тоа го кажувавме уште во април 1999 година кога се пролонгираше рокот на тогашниот Закон за царини и за жал, веке еднаш укинат член повторно се воведе. Знаеме, во изминатиот период, какви се злоупотреби се направени во рамки на овој член. Ние не велиме дека сегашниот министер тоа го прави. Тоа го велат сите кои дошле во допир со овој член. Ние само тоа го потврдуваме, а велиме, без разлика кој ќе биде по име и презиме министер за финансии, се остварува широка рамка и се даваат огромни дискрециони права на еден човек кој, со своите потези, неразумни, прави одредени дисторзии и во приливите на Буџетот и во севкупните економски токови, од проста причина што создава нелојална утакмица на стопанскиот пазар. Едни се преферирани, други се уништувани со овој член.

Од тие причини, ваквата измена каква што е понудена во сегашниот Предлог на текст на закон, мора со овој амандман да се измени, затоа што ништо подобро не може да се случи отколку укинување на овој член. Инаку, сегашната варијанта на козметичко дотерување на членот, каде што место дискреционото право да го користи исклучиво само министерот за економија, сега тука се даваат одредени права на контрола на издавање на

контингенти и на министерот за финансии и на министерот за земјоделие, апсолутно ништо не значи во подобрување на севкупните состојби во таа економска сфера.

Господо пратеници, затоа ве молам, овој амандман мора да се поддржи. Пред малку, пред да почнеме со седницата, со експертот од Министерството за финансии имав можност да поразговарам на оваа тема. Тие се повикуваат на член 21 што ја регулира оваа материја во Европското законодавство. Значи, во евроцарината. Тоа е точно така. Мегутоа, има упатство и ако се чесни ќе кажат овде дека огромно Упатство има во евроцарината кое кажува следно, дека тој член, министер во влада на било која членка на Унијата ќе го уптреби само во неколку исклучителни ситуации: за време на катастрофални земјотреси, за време на катострофални суши, за време на војни, за време на епидемии. Што значи само во објективни околности, кога настануваат објективни дисторзии на пазарот и за тоа да се испегла одредена членка на Унијата, добива право со, таканаречен царкнски контингент, каде се плаќа половична или не се плаќа никаква царинска стапка да увезе за да ги задоволи потребите на пазарот да не дојде до нарушување на целокупните пазарни односи во конкретната земја членка на Унијата како и во Унијата воопшто.

Меѓутоа, за волја на вистината, мораме да кежем, кај нас се даваат контингенти за шеќери, за меса, за незнам што, триста глупости, ниту во време на суши, ниту во време на војни, ниту во време на недај Боже катастрофални катаклизмични земјотреси, ниту за време на епидемии. Се даваат како ќе му текен на министерот за стопанство во конкретниов случај. Претходно било тоа во некои други времиња кај министерот за финансии кој исто така си ги давал тие контингенти. Па претходно кога се караа коалиционите партнери, Демократската алтернатива од едно друго време и ДПА кој да го земе, односно ВМРО-ДПМНЕ се извинувам, спореа кое министерство да ги издава овие контингенти.

Доброто во сето ова, ако вака помине, се надевам ќе покажеме доблест да го изгласаме овој амандман е тоа што сепак, заради заштита на интегритетот на Буџетот сега некаков уплив во делењето на контингенти ќе има со некоја контролна функција и Министерството за финансии. Меѓутоа, од овие причини што ги набројав, ова е токму оној амандман како технички треба да гласи, за да се укине едно големо зло што е легализирано со постојниот член 24-а од Законот за царини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да објаснам.

За збор се јавува и министерот за економија. Меѓутоа, да објаснам како што порано објаснував, во Собраниево, во името на Владата зборува претседателот на Владата, по поедини точки овластениот претставник кого тој го одредува со писмо до Собранието или овде лично да го одреди.

По оваа точка е одреден господинот Груевски и господинот Дуљанов. Знам дека е додирна точка со материјата за Светската трговска организација, меѓутоа министерот за економија по оваа точка не може да добие збор, ниту неговиот заменик.

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставнци на Владата,

Јас бев еден од подносителите на овој амандман. Така и најавив тогаш, од технички некои причини ме нема, но се едно, добро е што дојде до расправа по овој амандман и што имаме можност да се произнесеме околу мотивот за поднесување на амандманот, а со тоа конструктивно да придонесеме за постигнување една заедничка цел, а тоа е хармонизација на домашното законодавство со законодавството што е важечко во Европската Унија, а кое што законодавство е базично во однос на она што значи познати услови за стопанисување на еден поширок простор што е опфатен преку земјите членки во Светската трговска организација.

Мотивот за поднесување на амандманот беше токму тоа, ние се водевме од Извештајот што го имаме пред нас, а кој што ги опфаќа во себе обврските на Република Македонија што, како земја претендент да стане членка во Светската трговска организација ги презела во разговорите со претставниците од Светската трговска организација во мај оваа година. Мај е блиску. Тој извештај еве го, го имаме, гледам мешколење во Владата (го покажува Извештајот), за да мислат дека не е амандман, еве го Извештајот, господине Лазаров, знаете англиски. Целта ни беше да се направи она што може во оваа фаза да се направи за да се олесни приемот на Македонија во Светската трговска организација.

*ќе* ми дозволите да ја цитирам точка 70 од Извештајот, која шлго гласи вака: "Тој додаде дека неговата Влада го проанализирала Тарифниот систем што произлегува од член 24-а до Законот за царини и неговата усогласеност со барањата на Светската трговска организација. Тој очекува член 24-а од Законот за царини да се укине до јуни 2002 година". Значи, повторувам, "да се укине", а не да се преформулира и преку тој нов текст на член 24-а да се дадат истите овластувања што и сега се присутни на субјектите кои го спроведуваат член 24-а.

Господинот Поповски Никола, токму со предложениот амандман ја презема обврската што ја презела и Република Македонија во преговорите и предлага член 24-а да се укине. Незнам дали ви пречи да се прифати овој амандман за да можеме да добиеме во тој дел од законот издржаност и со таква исполнета обврска да ги продолжите преговорите со Светската трговска организација и за очекување е (дофрлања од место)...

Ќе завршам кога ќе бидеме примени, тогаш господине министре. А вие може да кажете се, но кога ќе бидеме примени, тогаш.

(Претседавачот предупредува на ред со ѕвончето).

За да можеме да го чекаме и тој ден на прием на Македонија во Светската трговска организација. Еве, токму заради тоа, преземајќи ја точка 70 од Извештајот, преформулирана во амандманот што го има предложено нашиот колега Поповски, очекуваме дека Парламентот ќе го прифати овој амандман.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По амандманот ќе гласаме кога ќе имаме услови за гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

отворам претрес по амандманот за бришрење на член 30, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По амандманот ќе гласаме кога ќ еимаме услови за гласање.

Сега ќе мораме да одиме натаму, бидејќи не смееме да заклучуваме претрес по текстот затоа што може некој од амандманите ако се усвои, да предизвика реакција со друг амандман.

Минуваме на Деветтата точка-Предлог за донесување на закон за трговски друштва , со Предлог на закон.

Продлжуваме со општиот претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги.

Со оглед на тоа што минатиот пат расправата беше прекината на тенденциозен и неприроден начин, би сакал да ја продолжиме таму каде што е прекината пред седум осум дена.

Пред да се заврши расправата г-динто Стојан Андов даде едно појаснвување за оние кои барале, меѓу кои и јас, точката на дневен ред да не се усвои во втората фаза и за што дискутиравме во општиот претрес, дека до колку претседателто на Комисиајта за финансирање и буџет бил заентересиран тоа д абиде така, требало да ја закаже седницата на Комисијата за финансирање и буџет и тоа да го направи со расправа на Комисијата.

Јас претпоставувам дека г-динот претседател ексофицие треба да знае дака Комисијата за финансирање и буџет не е надлежна за законот за трговски друштва, дека за тоа се надлежни некои други комисии.

Меѓутоа ако не знаеше претседателто во тој момент, еве сега го советувам да го отвори Деловникот и да ги види овластувањата на Комисијата за финансирање и буџет во кој децидно стои дека надлежноста на трговските друштва, претпријатијата нивното оснвоање, функционирање и т.н. *ие* е надлежност на оваа Комисија. Со оглед дека тоа го направи, а сметам дека го направи тенденциозно барам да се извини за таквиот однос према пратениците, а дополнително на тоа мислам Дека беше тенденциозно затоа што веднаш после неговото излагање, без никаков повод ја затвори седницат ана Собраието и си замина.

Јас тогаш дискутирав дека законот за трговски друштва е избрзано донесен, ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може да објаснам?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Кога ќе завршам ќе си земете збор и ќе објасните. Имам уште од дискусијата.

Во врска со законот јас дискутирав дека г-динот минисггер ни достави закон кој не е ниту сложен ниту обемен , по Неговите зборови и во процедура од 10 дена ова Собрание да го усвои, а дискутиравме тука минимум час ипол до два, неколку колеги пратеници дека напротив законот е сложен, законот е обемен.

Г-дине Фетаи Ве молам, да не зборувате на мобилен телефон во овој момент туку да слушате затоа што сте вие овластен претставник од Владата за овој закон.

Овој закон г-дине Фетаи не е точно дека не е обемен и сложен, напротив се работи за многу сложен и многу обемен закон и како таков ова Собрание согласно Делвоникто треба да го гледа во процедура која е пропишана. Вие , Вашата Влада и оние кои ве поддржаа во овој Парламент, направивте прекршување на Делвоникот на Собранието на РМ, а со тоа и на Уставот, барајки законот да се донесе во процедура која е несоодветна. Со оглед на ваквите ставови во Собранието се отвори една поголема расправа во коај координаторот на пратеничката група на ПДПА, кој е тука сите нас, вклучувајки ме и мене не увеpуваше дека законот е одличен дека тој е многу добар закон и дека со овој закон ќе ја снема монепослата економија во Македонија, тоа стручно го образложи и дека треба веднаш да се донесе. Пратениците на СДСМ инсистираа тоа да не оди така . Во меѓувреме се случи една расправа на Правниот факултет каде што дебатираа луѓе кои во оснвоа треба подобро да ја познаваат материјата на трговските друштва од нас затоа што се стручни за таа работа. Можевме и на ТВ и во печатот да прочитаме дкеа расправата по тој закон се претвори во сериозна критика на законот и на , делумно, се извинувам тоа мроам да го кажам, тоа беше таму кажано, на сериозната нестручност и мешањето на поимите во законот, која е настаната и дека во праксата може да се случат многу проблеми со спроведувањето на овој закон. Тоа беше така кажано од професори кои тоа го предаваат на Правниот факултет.

Денес г-динот координатор на ПДПА кој само пред 4 дена не уверуваше дека законот е одличен и дека треба веднаш да се донесе и дек анема процедура, потреба и т.н. , денес во 11,35 часот и на ова Собрание му достави 28 амандмани . Значи не 2, не 8, туку 28 амандмани, или ако законот има околу 560 члена на 5% од членовите има доставено амандмани. Тоа потврдува дека законот за овие 4 дена , одтогаш до денес е утврдено дека има некои фалиники и дека е потребно на 28 негови члена да се интервенира со амандман. Дај да бидам малку пророк во ова Собрание, што не е тешко, главата ќе ја дадам дека г-динот Фетаи ќе ги прифати сите амандмани и со тоа ќе потврди дека Законот треба да се доработи, минимум денес со 28 амандмани.

Јас ве уверувам, ако отворите малку посериозна расправа во Парламентот, меѓу стручните луѓе и меѓу оние кои се занимаваат со таа работа, на пример во Стопанската комора на РМ, истата онаа која сакате да ја распарчите со наредниот закон, ќе видите дека ќе добиете уште 28 амандмани иако вие самите го прочитате законот после 3-4 дена ќе утврдите дека треба уште 28 амандмани. Меѓутоа вие тоа нема да го направите и ќе не уверувате дека законот треба веднаш да се донесе, а во исто време со вака поднесени амандмани не уверувате дека законот не е созрејан. Инаку ако е тој созреан, во парламентарна процедура да прифатите 28 амандмани на иста седница, кажува дека вие добро не сте го изработиле законот.

Со оглед на се ова г-дине Фетаи ве повикувам законот да го повлечете денес, во оваа фаза во која се наоѓа, како Предлог на закон и со усвоениот предлог за донесување на закон да се вратите во Владата, да отворите малку поширока расправа во општеството, во државава и во Парламентот и врз основа на тоа д апонудите нов закон за да можеме да усвоиме закон кој нема да ги проблематизира односите во РМ, туку напротив односите во РМ ќе ги направи , во сферата на трговските друштва, да бидат по прикладни на тоа што се случува, отколку да бидат по неприкладни на состојбата. Тоа сакав да го соопштам затоа што меѓу критиките во последниве 4 дена, во врска со потребата од повлеквување на законот, имаме дополнителни аргументи зошто овој закон, ваков каков што е не

треба да се усвои. Јас ве уверувам г-дине Фетаи, ако вие денес ги прифатите сите 28 амандмани и до колку, што е невозможно заради кворумот, се усвои законот денес, еве ако дојдат луѓе, јас ве уверувам дека нема да помине една година , под услов вие да останете министер уште една година и под услов Љубчо Георгиевски да биде премиер на Вашата Влада уште една година во која нема да ни понудите нов закон за трговски друштва со кој во измени и дополнувања ќе го промените постојниот закон, затоа што во законот за трговски друштва кој сега го давате како нов, секоја втора седница со г-динот Груевски ни нудите измени и дополнувања. Сега после 4 дена ни понудивте 28 измени и дополнвуања и цела среќа што Собранието не го усвои овој закон, инаку незнам што ќе правевте денес со овие 28 амандмани. Ве вуерувам, за да не се случи самите да си го менвуате законот, повлечете го и консултирајте се се оние луѓе кои таа работа подобро ја разбираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да објаснам.

Спорот минатиот пат беше во нешто друго. Спорот беше во инсистирањето понатаму да не се расправа за овој закон, да биде повлечен од дневниот ред, да не се донесе овој закон.

Јас му укажав на г-динот Никола Поповски дека Собранието по тоа прашање се произнесе. Предлогот за донесување со заклучок овде е усвоен. Не му рекво тогаш, сега ќе му кажам дека за тој заклучок , предлогот за донесување на овој закон да се усвои од пратениците од СДСМ кои гласале, некаде половина или повеќе од половина гласале за. Според тоа пратеничката група на СДСМ не изградила негативен став по тоа прашање.

Второ, предлогот да се расправа по Предлогот на законот, на истата седница, беше исто така даден на гласање и за тој предлог исто така Собранието одлучи и по тој предлог гласаа, од присутните, оние што гласале пратеници од СДСМ, половина или повеќе. Според тоа Собранието тие две фази ги мина. Интервенцијата на г-динот Никола Поповски апсолутно деловнички е депласирана, требаше да му го одземам зборот. Јас тоа не го направив, се разбира координатор е , но не е добро што не ги правам тие работи. Треба да го применуваме Деловникот кон секого. Според тоа сега кога Собранието одлучило да се усвои Предлогот за донесување на законот и кога одлучило предлогот да се разгледа на истата седница, се разбира, не можеме да кажеме дека по овој закон сега да отвараме расправа дали да се донесе или да не се донесе. Сега имаме општ претрес по Предлогот на заќонот. Тоа што му го кажав дека можел и Комисијата да ја свика, без оглед што не е надлежна таа Комисија, тој можел да ја свика ако видел голем проблем во економијата што ќе се внесе и се разбира и во Секторот на финансиите, ако ваков закон се донесе. Тоа што не ја свикал да укаже , само кажува дека или не го читал законот , или то а не му било важно, или пак не мислел така. Јас на тие работи укажав и незнам зошто да се извинувам.

Има реплика г-динот Никола Поповски. Сега на мене он сака да ми реплицира.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Андов, да не ви е чудно што некој ви реплицира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Па немојте театрално тука да извлеквуате заклучоци, еве мене ќе ми реплицира. Па Вие не сте недопирлив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не нему. Вие мене ќе ми реплицирате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Па на Вас, сигурно. Ако некој заслужува реплики кога манипулира во ова Собрание тоа сте вие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Користите реплика, правите такви забелешки и јас морам да ви кажам дека тоа е дрско и нечесно. Но, еве повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Андов прво да ви кажам дека е нечесно и дрско кога упаѓате во збор на пратеник на кој сте му дале збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас упаѓам секогаш. Јас сум овластен да упаѓам, а не вие. Вие мене не можете да ми упаѓате во збор. Јас на вас можам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Еве г-дине Андов, со оглед на вашето деловничко право, веќе трет пат ми упаднавте. Имате потреба од четврти пат или да продолжам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, четвртиот пат ќе ви го одземам зборот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине Андов јас ве повикувам кога има некој што дискутира а не се согласува со вас, да го сослушате и да не посегнувате целов време по механизмите на одземањето на збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Престанете да ме повикувате. Вие ако имате забелешка на моето водење, ќе дадете овде предлог да одлучи Собранието. Вие го познавате Деловникот. Не ви е прв пат да сте пратеник. Повелете затоа што добивте збор. Немојте да ме поучувате. Немојте такви наоди да наведвуате. Едноставно не ви допуштам. На тоа немате право. Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Немате потврда да се нервирате и петти пат да ми упаѓате во збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се нервирам, само држам до тоа што морам да го работам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ве молам немојте да внесувате тензија во работата на Собранието. Бидете по смирен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да престанете со такви забелешки кои не ги одобрувам. Престанете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ве молам вас да престанете со деветто упаѓање во мојата реплика.

Сега да ја кажам репликата.

Вашите закани за одземање на збор се единственото средство со кое вие сакате да се справите кога некој мисли поинаку од вас и сакам да ве упатам на тоа дека вие можете д аодземете збор, можете како на г-динот Вангел Симев да повикувате обезбедување, меѓутоа г-дине Андов нема да можете да се соочите со фактот дека вие манипулирате дури и кога ми реплицирате на тоа што го изнесов.

Сакам да го соопштам следново.

На Вас Ви е добро познато, согласно Деловникот, дека Собранието донесе одлука да го усвои предлогот за донесување на закон , дека донесе одлука да расправа на истата седница и за Предлогот на закон.Меѓутоа не донесе одлука да го усвои Предлогот на законот. Ние сега токму дебатираме за да се усвои Предлог законот и ако се донела одлука за Предлогот за донесување на законот, тоа не значи дека во фазата на предлог закон пратениците немаат право да бараат тој тука да биде прекинат и да не се донесе, или да го повлече министерот кој го има тоа право. Во секоја фаза има право тоа да го направи со гласање, како што дофрлува г-динот Стојановски и јас токму за да ги уверам пратениците да гласаат така и да го уверам министерот да го пволече законот, дебатирам. Меѓутоа, ако некој ми советува дека Собранието донеле одлука да го усвои Предлогот за донесување на закон и тоа по автоматизам значи дека ќе го донесе Предлогот на закон, дозволете сега јас да бидам пратеник кој ќе го поучи тој што тоа ми го советува дека после три мандати не ја познава работата на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, господин Замир Дика понатаму нема што да реплицирам, сето тоа натаму е невкусно, непотребно е. Јас ја објаснив ситуацијата во која се наоѓаме. Сега сме на општ претрес.

Има збор господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Го користам деловничкото право за реплика. Господине Поповски, ептен многу сте провидни и јасно ви образложи и претседателот на Собранието дека вие бевте тие како пратеничка група кои гласавте за предлогот на истата седница да се претресе и Предлогот на овој закон. Значи, акО сте имале намера да се повлече овој закон, тогаш сигурно не би го гласале тој предлог. Значи, што се однесува деловнички, јасно е дека во меѓувреме или поради маркетиншки пристап денес имате митинг, или некој во меѓувреме ви дал сигнал дека не е добро ова сега да помине, па сега се обидувате мислејќи дека сте големи експерти, ве убедувам дека не сте. Да бевте големи експерти, немаше да победиме ние 1998 година и немаше да ја оставите оваа Република Македонија на коленици.

Што се однесува до стручноста и познавањето на овој закон, дента реков дека се спречува монопол. Вие добро знаете дека тоа е така. На Правниот факултет рековте дека се одржала некоја седница на некои ваши професори од СДСМ и тие ваши професори од Правниот факултет оценуваат дека Законот за трговски друштва не е добар. Да ви кажам сега каде се крие тајната на монополот господине Поповски. Таму тие професори на Правниот факултет на СДСМ не ги добиле хонорарите за изготвување на

Законот за трговски друштва. Незнам колку пари се тоа. Сега затоа што тие го немаат тој монопол на изготвување на така важен закон, сега вам овде ви даваат сигнал - ве молам, немојте да го гласате законот. Тоа е монополот, господине Поповски. Многу добро знам што зборувам, тоа е многу провидно.Имате уште една причина зошто не сакате да гласате за овој закон. Затоа што внатре многу сте тесни. Вие сте антиалбанци во својство. Јас ќе го замолам премиерот

(Реакција со зборовите: "Што има врска ова?")

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да ги пренесувате работите на меѓуетнички план. Тоа недозволуваме.

Ве молам за тишина.

**ЗАМИР ДИКА:**

Сега ќе ви одговорам. Јас ќе го замолам господинот Георгиевски или после изборите ако дојде нов премиер, на дневен ред на седница ако дојде закон за влегување во Европската унија или закон за покачување на платите на сите во Република Македонија на 2000 марки, ќе ги замолам за да гласаат сите пратеници да не биде министерот албанец, затоа што СДСМ и тогаш нема да гласа за тој закон, иако се работи за влегување во Европска унија или за покачување на платите на сите граѓани во Република Македонија. Тоа ве боли, господине Поповски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, спорот да остане во рамките на Законот за трговски друштва, текстот кој го имаме и амандманите. Да не го пренесуваме на меѓуетнички план.

Уште една напомена. Секој од вас може да има различно мислење од мене, се разбира во водењето на седниците. Но, во водењето на седницата јас одлучувам дали го прифаќам или не го прифаќам тоа мислење. Ако сака пратеникот, тогаш одлучува Собранието. Пратеникот може да има различно мислење, ама не може да се уважи Собранието ако не го изгласа. Според тоа, не ве исклучувам туку така, туку во согласност со Деловникот тоа го правам.

Господинот Никола Поповски има реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Навистина ми е жал што господинот Дика ја сведе расправата во таа насока и на такво ниво како што ја сведе. Господине Дика, Бесник Фетаи не е ниту првиот ниту единствениот сега, ниту единствениот во иднина албанец што ќе биде во Владата. И во времето на СДСМ имаше албанци во Владата, сите тоа добро го знаете. Значи оваа расправа нема никаква врска со меѓунационалните односи на кои вие сакавте да ја сведете расправата. Меѓутоа, ако влезам во образложение на тоа, мислам дека ќе ја постигнете вие целта.

А она што сакав да го кажам по повод другата институција дека Правниот факултет припаѓа на СДСМ, само да ви појаснам дека Правниот факултет на Република Македонија е основан од страна на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", кој е основан од страна на Република Македонија. Тој не припаѓа на СДСМ, дури и кога различно мисли од вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Прво, една забелешка до вас претседателе. Јас незнам како техниката работи, гледам дека ова е скапа техника, но оваа расправа по овој закон требаше да продолжи со давање можност да се произнесам јас по законот, бидејќи тука завршивме на претходната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака ми е дадено.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Погрешно ви е дадено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е извадено од стенографските белешки, службите го дале. Ова не е моја одлука.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Прифаќам ваше објаснување, но прифатете мое дообјаснување. Вие ми дадовте збор и јас ве прашам господине претседателе, дали може да продолжам. Вие рековте не, ќе ја прекинеме тука седницата. Така беше, не беше реплика, туку дискусија.

Сеедно, еве прилика, трае расправата, да се произнесам јас околу содржината на законот и ќе се обидам да не споменувам или ако споменувам многу малку ќе споменувам за процедурата за донесување на овој закон, затоа што евидентно на седницата на која ја

отпочнавме расправата по овој закон настана таа мала нервоза која предизвика и прекин на таа седница.

Станува збор за Законот за трговските друштва, којштo популарно во стручните кругови, а и во јавноста Се нарекува мал Устав на стопанството на една држава. Самиот факт што има и таков назив еден ваков законски проект ја одбележува и важноста на законот, бидејќи тој закон во својата содржина ги детерминира условите под кои се организираат стопанските субјекти во нашата држава. Според тоа, мислам дека е доволно само тоа што го споменав, а да се дава важноста на законот. Многу внимание посветив на содржината на законот, на детерминирање на причините од кои предлагачот се водеше за да предложи сосема нов закон во Република Македонија. Сакам да ги пронајдам и да ги маркирам тие причини, затоа што она што е дадено во образложението и со кое се декларираат причините, евидентно е дека може да се наречат само како декларативни причини, а јас ќе ги синтетизирам во две групи.Првата, како причина од која се водела Владата, неподобноста на европскиот модел на трговско друштво, посебно на капиталските форми на трговски друштва како правна рамка за одвивање на стопанскиот живот во Република Македонија, факт кој што бил констатиран како што е наведено во образложението од странските експерти. Овде имавме прилика да слушнеме и госпоѓата Марковска да зборува за тоа дека досегашниот закон отстапува од европското законодавство, секако со цел да ја оправда причината за предлагање на нов текст на закон, но навлегувајќи по мое мислење во сфера која што не и јака страна.

И втора причина која што можев да ја маркирам од она што е содржина на законот и она што е образложение по законот, е многубројните дисфункционалности што се појавиле во примената на Законот за трговски друштва, а што биле констатирани во прв ред од странските вложувачи, но и од некои македонски претприемачи, адвокати, консултанти и судии. Ние, барем овој состав, сведоци сме дека повеќепати се менувал законот за трговски друштва и во тие наврати по итна постапка и секако ценам дека тоа Владата го правела за да се отстранат одредени дефекти кои се појавиле во пазарната имплементација на законот. Така, оваа втората причина, за која поопширно ќе зборувам понатаму, е причина која не држи, или барем провоцира да се постави прашање дали овие и вакви констатирани причини го оправдуваат донесувањето на нов македонски закон за трговски друштва.

Секако, интересно и многу значајно за расправата што ја водиме денес е да се слушне дополнителното мислење на Владата, околу содржината на законот, затоа што немавме прилика да слушнеме претставници на Влада околу оваа содржина, уште повеќе да ги согледаме причините зошто Владата одлучува за неколку дена да предложи 20 и повеќе амандмани. Бидејќи, под една претпоставка да имавме интензивна расправа и таа расправа да завршеше веднаш, на претходната седница, на која расправавме за Законот за трговски друштва, под претпоставка тогаш да го донесевме законот, дали не ќе бевме сведоци после три дена Владата да предложи нови 20 и повеќе амандмани за да се измени законот. Нели тоа зборува дека станува збор за една непринципиелност по едно многу сериозно прашање или ако сакате конфузност во она што значи совладана материја од областа на трговските друштва.

Во образложението кон предлогот на законот за трговски друштва е напишано Дека македонскиот закон, овој што е во сила, а кој што е донесен во 1996 година претставува комбиниран француско-германски модел на уредување на материјата на трговските друштва, со истовремена рецепција на она што е европски стандард на ова поле, се мисли на европски директиви за компаниското право, така што ако веќе ова го кажавме, тогаш значи ли тоа дека еден имплементиран закон во Република Македонија кој што се базира на комбинација на законите од францускoто и германското законодавство, односно хармонизиран со нив, значи ли тоа дека тој закон не е добар за да Македонија со таков закон чука на вратите на Европа, бидејќи тој закон бил француски и германски, а Франција и Германија како да не се во Европа.

Понатаму, во образложението кон законот е напишано дека при изготвувањето на законот за трговски друштва се водеше сметка тој да биде формиран врз стандарди кои ќе придонесат Македонија да го хармонизира ова закоондавство, а во овој закон со кој што

Владата излегува како предлог пред нас, одбегнува од европскиот модел содржан во француско-германскиот проект, се приближува кон проект кој во многу малку земји од светот е имплементиран. Можеби знаете, а можеби и незнаете, овој закон којшто го предлагате, а кој што отстапува од моделот кој што досега беше присутен е важечки во поранешните земји во СССР, а додека сите други земји во транзиција, а на тоа подоцна ќе се навратам, во своите национални законодавстдва го имаат имплементирано токму комбинираниот француско-германски модел, или во одделни земји чисто германскиот модел.

Треба да се додаде и она што е општо познато дека и законите кои што важат во Европа промнтно се преиспитуваат и се прилагодуваат на потребите на деловниот живот. Не треба да Се докажува дека врз ваков закон, врз вака поставена правна рамка за работа на трговските друштва се базира спектакуларниот развој особено во Германија, што значи дека и тој се должи на една функционална правна рамка, во чии рамки Се одвива тамошниот деловен живот. Ова треба да се има предвид кога се оценува и функционалноста на македонскиот закон, чии што решенија се позајмени од европското право за друштвата. Тоа е факт што не може да се оспорува. А во образложението кон Предлогот за донесување на законот за трговските друштва и не се прави обид тие факти да се оспоруваат. Во образложението аргументите се заменети со флоскули, а флоскулите немаат покритие во фактите. Најчесто експлоатирана флоскула е "правната несигурност", односно наводното со ништо неаргументирано тврдење дека одредбите од законот за трговски друштва продуцираат само правна несигурност. Имено, се констатира дека решенијат на постојниот закон создаваат правна несигурност особено за странските вложувачи кои не биле начисто што сакал законодавецот да каже во одредени одредби и кого сакал да заштити со таквите норми. Се мисли на постојниот закон.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**: (продолжение)

Сериозна аргументација нема и кон тоа се додава дека ваквиот впечаток на македонскиот закон го делат и странски експерти, на кои им е познат како германскиот така и францускиот модел за трговски друштва. Секако тоа предлагачот го користи како круцијален аргумент со кој се оперира во образложението во полза на донесување на нов закон за трговски друштва.

Значи, аргумент е впечатокот, можеби е поточно ако се рече лошото мислење на странските експерти за германскиот односно францускиот модел на трговски друштва. Оттаму ја извлекувам идејата да се понуди друг поинаков модел особено на капиталски трговски друштва кој ќе биде поприфатлив, поприменлив по деловниот живот во Република Македонија.

Со самиот факт што е различен од европскиот модел на акционерски друштва односно на друштва со ограничена одговорност. Внимавајте, значи целокупната аргументација се насочува дека овој модел кој е базиран на европско законодавство поточно на компилација на француско-германско законодавство во областа на трговските друштва е неприфатлив и неприменлив за РМ, и заради тоа странските вложувачи немаат сигурност во таквиот концепт и на Македонија заради тоа не и треба таков закон. Видете и податоците, на странски вложувачи се од Германија и Франција. Странски вложувачи се и од земјите на ЕУ, во кои доминантно место во економијата имаат токму Германија и Франција.

Оттаму прозирно ви е образложението дека странските експерти не го прифаќаат решението постојно во Законот за трговски друштва и немаат сигурност да вложат пари по закон кој е важечки во нивната земја.Не сретнав или барем не успеав да сретнам поинакво образложение зошто овој нов модел што го предлгате е подобар за деловниот живот на РМ, од постојниот кој е во оила.

Образложувајќи го предлогот се зборува за дисфункционалноста во примена на Законот за трговски друштва без притоа да се наведе ниту еден случај на тешкотии, пречки или евентуални блокади на деловниот живот за кои причина се формите содржани во Законот за трговски друштва. Ако мислите со тоа да измените при регистрација наместо шест листа се поднесат два, како што е предвидено со вашиот закон, тоа не е доволна причина да менувате концепт во целост, туку можете само тој член да го измените.

Ве уверувам дека во овој момент на РМ, не и треба нов закон за трговски друштва. Донесувањето на новиот закон за трговски друштва ќе предизвика шок во кругот на стопанството, кои треба комплетно да се престројат во одредбите

од овој закон. На македонското папсано стопанство тоа најмалку му треба особено што за донесувањето на нов закон не постојат сериозни причини и добро оправдување и на оние кои ги наведувате.

Јас нема понатаму да продолжам во дефекција на причините за донесувње на овој закон, бидејќи мислам дека доволно јасно кажав барем за две групи на причини и сметам дека иако има уште можност за коментар, но сметам дека доволно ја користев говорницата да го објаснам тој дел.

Ќе преминам на вториот дел од мојата дискусија, а таа се однесува на општиот поглед и опсервации на содржината на Законот за трговски друштва. Веднаш да напоменам иако вие предлагате сосема нов текст на закон, така го нарекувате нов текст на Законот за трговски друштва, во суштина се менуваат две глави во законот и тоа на лош начин. Тоа е делот кој се однесува на посебни видови на трговски друштва каде што се најчувствителни елементите за правно организирање на правните субјекти и од каде *ќе* произлезат многу дефекти во наредниот гшриод во сферата на управување и раководење со правните субјекти кои ќе се престројат во овој закон.

Бидејќи во целост ја заменувате главата која се однесува на друштватаа со ограничена одговорност и на акционерските друштва тие се базираат, за мене, на поинаква концепција од таа што беше досега, бидејќи се тргнува од нов поинаков концепт за ДОО односно АД од концептот кој беше основа на решенијата во постојниот закон за трговски друштва.

Предлогот кој го давате и понатаму го задржува називот ДОО, но е напуштен на радикален начин германскиот концепт за овој вид капиталско друштво кое речиси без исклучок е прифатен во сите земји на континентална Европа.

Во оваа пригода треба да се наведат две клучни одредби со чие внесување во текстот на новиот закон се врши поместување на концептот за ДОО.

Првата е одредбата содржана во член 99 од предложениот закон која гласи дека "со одредбите со кои се регулира ДОО се овозможува примена на начелото на слобода на договарање освен ако со закон не е определено поинаку". Тоа значи дека одредбите од новиот закон, по правило, се од диспозитивна природа, каков што е случајот со одредбите кои се однесуваат на персоналните друштва, а познато ви е дека под персонални друштва се подразбираат јавното трговско друштво и командитните друштва.

Од тоа произлегува можноста основањето на друштвото да го моделираат сосема слободно, па оттаму под капата на ДОО да се скријат мошне различни модели на друштва исто така со ограничена одговорност. Имено, од волјата и потребата на основачите ќе зависи дали тие ќе создаваат персонално или капитално друштво. Тие стекнуваат можност да создадат друштво кое ќе нема никакви врски со моделите кои што значат европски модел на ДОО.

На оваа одредба со новиот закон треба да се презентира и одредбата од став 4 на член 104 од постојниот закон кој е во сила и кој гласи "од одредбите на овој закон со кој се уредува ДОО може да се отстапува само на начин и под услови пропишани со овој закон и законите кои ги уредуваат Д9јностите на членот 1 точка 4 на овој закон". Тоа значи дека не се повикуваме на друг закон, досегашниот закон, туку досегашниот закон принципиелно се повикуваме на одредбите од овој закон.

Втората одредба е содржана во членот 102 од Предлогот на законот и со истиот се пропишува дека ДОО одговара за своите обврски со сиот свој имот, а во став 4 е пропишано со исклучок содружникот односно содружниците на друштвото одговараат за обврските во случај и обем предвиден со основачкиот акт или договорот за друштвото и ако содружникот дал согласност во писмена форма за прифаќање на таа обврска.

За разлика од оваа одредба во последниот закон за трговски друштва тоа е членот 106 став 3 пропишано едноставно за обврските на друштвото содружниците не одговараат. Во секој пристоен учебник за оваа материја може да се прочита дека ДОО настанало токму заради создавање на правна ситуација во која содружникот како и акционерот нема да одговараат за обврските на друштвото. Неодговорноста на содружникот за обврските на друштвото Не се само белег на ДОО, но и негов дефинитивен елемент. Едноставно нема ДОО ако содружниците на било кој начин одговараат за обврските на друштвото. Треба да се напомене дека пробивот на правниот субјективитет е сосема нешто друго, тоа е санкција за непочитување на

правниот субјективнитет на трговското друштво.

На крај, називот на ова трговско друштво кое е ДОО сака да ја изрази неговата природа, одговорност на содружниците ограничена на она што ги внела во друштвото.

Сега малку за акционерските друштва. АД се регулирани во глава IV од Предлогот на законот. Тие во своите базични одредби отстапуваат од концептот за акционерски друштва познат и практикуван во земјите на континентална Европа. Да бидам и аргументиран во ова би спомнал дека постојат или би посочил во оваа пригода три групи на одредби содржани во Предлогот на законот.

Одредби што се однесуваат на основање на АД;

Одредби што се однесуваат на имотно-правни односи во АД, а имотно правните односи во АД јасно е дека се основна главнина, акции и дивиденда.

И одредби кои се однесуваат на организацијата на управувањето и раководењето со АД, она што пред малку го спомнав.

Спротивно на традицијата на европското право за постапката и детално регулирање на односите за основање на АД во овој закон кој што го предлгате во поглед на основањето на АД се содржани само некои основни одредби кои се спротивни со европското законодавство.

Логиката на европскиот концепт за основање на друштвото тргнува од тоа дека низ постапката за оснивање е создавање нов правен субјект кој ќе биде способен да воспоставува правни односи со трети лица, но и да создаде друштво во кое се воспоставуваат односи во две насоки и тоа едната акционери друштво, втората односи меѓу самите акционери внатре.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ**:(Продолжение)

И, да кажам дека во доменот на имотно-правните односи, кои што го имате вие предложено внесени се серија на европски решенија.

Прво, е воведена категорија одобрена основна главнина, покрај категории запишана и уплатена основна главнина. Има голема разлика. Ќе се согласите, помеѓу одобрена основна главнина од запишана и уплатена основна главнина. Значи, има некој кој што треба да одобри или одобрува главнина за основање на акционерско друштво, а не тоа да биде предмет на презентирање на акт за основање на акционерско друштво. Има огромна разлика помеѓу тоа.

Второ, приоритетните акции по правило се акции без право на глас.

Трето, пропишана е можност акционерите под многу либерални услови во секое време на деловната година да можат да си делат девидендента.

Четврто, релативизирано е обврзното постоење на резерви на акционерското друштво. Ваквите одредби надвор од секакво сомнение ќе придонесат голема несигурност во имотно-правните односи во акционерските друштва. Тоа, особено се однесува на можноста во секое време на акционерите да им се дели девиденда, што заедно со можноста за фактично укинување на резервите, може да доведе до многу неповолна ситуација во поглед на исполнување на обврските према доверителите.

Крајно, ке се задржам на доменот на организација на управувањето и раководењето со акциокерските друштва, кои што го нудите, а тој понуден концепт е типично неевропски концепт, американски. Заради создавање на посебна организација на управување и раководење со акционерското друштво во иднина, во акционерското друштво ќе се создаваат дуални ситуации, кои ги сочинуваат одбор на директори и менаџерски тим.

Одборот на директори треба да управува со акционерското друштво. Додека менаџерскиот тим треба да раководи со друштвото. Во целост е напуштено решението содржано во постојниот закон за трговски друштва. Акционерското друштво по сопствен избор да се определи дали ќе воведе двостепен модел, тоа е надзорен и управен одбор или едностепен модел, одбор на директори. Иако во овој закон е задржан називот одбор на директори, се работи за поикаков тип, барем од належностите кои се вградени во членовите.

Постојното решение кое што го имаме вградено во Законот за трговски друштва е препорачано во петтата директива на Европската Унија, она што е постојно, она што важи сега. Овој тип на одбор на директори во кој беа обединети функциите на управување и раководење со друштвото, а внатрешната организација заснована на поделбата на директорите на извршни и неизвршни, беше преземен од англиското право на друштвото. Без образложение е напуштен и постепениот систем на

управување и раководење со акционерското друштво, тоа е во германскиот модел, иако тој модел на организација на управување и раководење е општо прифатен во земјите на транзиција, вклучувајќи ги таквите земји како што се Бугарија Хрватска и Словенија. Германскиот модел има репутација на ефикасен систем на управување со јасно подвоени улоги на надзорниот и управниот одбор и солидно регулирана одговорност за вршење на едната или на другата функција. Ако се направи една анализа, ќе се види дека во Македонија во основа функционира двостепениот систем и кој како концепт се практикува во управување и раководење со акционерските друштва.

На крај да напоменам дека Република Македонија тежи кон хармонизација на своето законодавство со законодавството од развиените земји, претежно мислејќи на западно-европските земји и дека со тоа на своевиден начин ја исполнува таа обврска, која што се поставува пред Република Макадонија за прифаќање на Република Македонија зо тој деловен свет но, би рекол не само за тоа, Законот за трговски друштва не им треба на Република Македонија само таа да докаже дека има закон кој што е компатибилен со законите во Европската Унија. Законот за трговски друштва и треба на Република Македонија, заради организирање на трговските друштва на начин кој што е најпогоден за Македонија. Значи, повеќе и треба односно им треба да правните субјекти, на деловните субјекти во Република Македонија. Притоа, мислам дека она што сакав да го оставам на крај е, немојте со овој закон да оштетите над 250 илјади акционери. Немојте да ги оштетите малите акционери. Имајте предвид, и ако вие се прокламирате дека со овој концепт, напротив, ги заштитувате малите акционери, но не е така. Самиот факт што исклучителната тежина на управувањето и раководењето и би рекол на располагањето на имотот е во рацете на доминантните сопственици, значи и оштетување или влошување на ситуацијата на малите акционери. Самиот тој факт тоа значи. Самиот факт значи дека давате можност низ текот на годината да се дели дивиденда, да се укине резервниот фонд, а уште повеќе да нема обврска деловниот субјект, дали друштво со ограничена одговорност, дали акционерско друштво, стриктна обврска да изготвува завршни сметки, кој што со овој модел што вие го предлагате и го пропишувате.

Од таму, овој закон нема да придонесе да се подобри правната регулатива во она што значи правна рамка за функционирање на трговските друштва од правен аспект. Овој ќе внесе хаос и ќе ја влоши ситуацијата во тој дел. Мене ми се јасни сите претходни активности кои што ги имавте. Јасно ми е дека во ова учествуваа и експерти. Јасно ми е од кога е тој договор постигнат, по која цена, кои се ангажирани и тн. Но, едно ми е јасно, закон се носи за потребите на Република Македонија. Се компарира таков модел кој што и одговара на Република Македонија. Овој не ќе и одговара на Република Македонија. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Димитар Бузлевски.

За збор се пријави господинот министер Бесник Фетаи.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Јас би сакал да потенцирам дека прв пат се носи закон за трговски друштва за потребите на стопанството во Република Македонија. Не се сложувам со претходниот дискутант, поради тоа што претходниот закон слепо беше преведен од германскиот закон и беше донсен во Република Македонија, така што вие знаете колку измени претрпе во изминатиот период. Направивме околу 10 измени во Законот за трговски друштва пред донесувањето на овој закон што треба да го усвојува Собранието на Република Македонија.

Не е точно дека е утнат европскиот модел, туку врз овој закон се ставени директивите на Европската Унија и тоа професор од Правен факултет работел на тоа околу подготовката на овој закон. Точно е тоа дека се укинува двостепено управување на Законот за трговски друштва, мегутоа, во двостепеното управување на Законот за трговски друштва има само Германија. Ниедна земја во светот го нема и истиот закон од Германија беше преведен, само Хрватска и Република Македонија го имаа.

Јас не гледам дека европскиот концепт се отстранува од овој предлог-закон, туку наспроти тоа беа директивите ставени во овој предлог закон.

Постојниот Закон во својата суштина претставува комбиниран француско-германски модел и тоа само еден дел од францускиот модел,а останиот дел се беше преведен од германскиот концепт, а само Германија уште еднаш потенцирам, има

двостепено управување, тој систем го напуштивме и тоа беше преведено само во Хрватска и во Република Македонија. Слепо да се наклониш кон една развиена земја и тој модел да го преведеш и да го донесеш во Република Македонија, тоа неможам да го сфатам дека беше донесен за потребите на Република Македонија, кога тој закон претрпел околу 10 измени, а имаше дистурзии помеѓу странските субјекти и домашните субјекти до пред неколку години кога за странските компании требаше да се бара одобрение од Министерството за надворешни работи па потоа се бараше дозвола од Министерството за економија и сега со измените и дополнувањето на постојниот Закон за трговски друштва, такво нешто беше отстрането.

Во самиот закон, сакам да потенцирам дека не беа издефинирани поимите, а тоа значи дека тоа им пречеше на странските директни инвеститори и ниеден закон во развиените земји не се донесвуа или при склучувањето на еден договор во почетокот на секој закон и во почетокот на секој договор се издефинира што се подразбира под акционерско друштво, што се подразбира под друштва со ограничена одговорност и тн. Тоа е ставено и точно е така. Меѓутоа, за шест години од донесувањето на Законот за трговски друштва, тој претрпе 10 измени и дополнувања, тоа го потенцирав пред малку, некои од овие измени беа нужен резултат на усогласување на норматива за она што тековно се појавуваше во практиката, акциите во електронски облик. Тоа во германскиот закон беше предвидено меѓутоа, незнам кога беше преведено од Германскиот закон не беа доставени во нашиот закон.

Задолжително вршење на одредени дејности во форма на АД или дел и тн. Додека некои измени и дополнвуања се јавија како резултат од потреба за појаснување на некои нејасни законски одредби. Се одржува Собранието на акционерите, се донесуваат некиолку одлуки на половина на седницата, акционерите меѓусебно ќе се скараат седницата ќе се прекинеше и потоа не се знаеше дали важат тие одлуки понатаму или не важат. Тоа значи дека се прецизираат некои недоречености во Законот што беа ставени, како и некои непрецизности.

Ваквата состојба на ова поле ја наложи потребата на пристапуваше и тоа организиравме неколку работилници низ целата земја и тие побараа Законот да претрпи некои измени и тоа беше поздравено од Здружението на акцонерите. Исто така, сакам да потенцирам дека Германија ќе го смени нивниот закон и поради тоа само тие го имаат двостепеното управување, иако што сега работат експерти за сменуваше на двостепеното упрвување. При изготвувањето на овој закон,сепак,се водеше сметка за она

што се нарекува европска рамка за трговски друштва, согласно со прифатените обврски на Република Македонија за хармонизација на нејзиното прасво со правото на Европска Унија. Професорите од Правниот факултет што ги потенциравме, истиот професор од Правниот факултет бил постојано во Комисијата и истиот ги преведуваше директивите, ги адаптиравме во нашата постојна законска регулатива и ги вградивме во самиот предлог закон. Тука, исто така, учествуваше експерт од Европска Унија, имавме американски експерти а и директорот од Комисијата за хартии од вредност под наводноци дека законот се коси со Комисијата за хартии од вредност.

Посебно укажувавме дека при изготвувањето на овој текст се водеше сметка да не се предизвикаат поголеми турбуленции кај постојните трговски друштва во поглед на потребата за повторен импулс, упис во трговскиот регистар. Компаниите нема повторно да се упишуваат во трговскиот регистар.

Основните цели, заради кои се предлага целосниот текст, се следните, поедноставување и поефикасно организирање на трговските друштва. Оваа цел можеше да се оствари само преку изработка на закон кој ќе биде појасен и поконзистентен со меѓународната деловна практика, со која ке се воведат нови концепти на управување, што е точно со трговските друштва и заштита на вложувачите.

Истиот предлог закон е појасен, полесен за читање и за разбираше за странските инвеститори.

**БЕСНИК ФЕТАИ**: (продолжение)

Да направиме една компарација меѓу стариот и новиот закон.

Според новиот закон, трговските друштва ќе се регистрираат во рок од 7 дена, само со еден акт кој содржи одредени елементи, за потребите на третите лица кои сакаат да инвестираат во друштвото, или кои сакаат да купуваат акции од друштвото. Додека постојаниот закон праваше со неколку месеци и од страната на судот се бараше да се состави акт за основање, статут и, правилник. Јас

незнам зошто судот го интересира да се достави статутот и правилникот, внатрешното организирање на самата фирма. Тоа значи дека се поедноставува и се задржува регистрацијата на компанијата во Рок од 8 дена, тоа што го потенираве.

При регистрацијата на фирмата, се разбира дека оснивачкиот акт ќе содржи податоци кои се од интерес на трети лица, надвор од друштвото, а не правилникот и статутот кои се за употреба и во јавноста.Ќе се наведе висината на влогот итн. Прв пат се доведува одговорноста и реалноста на менаџерскиот тим кон диркеторот. Тоа го немаше.Ние знаеме нашите директори што направиле.Исто така, прв пат се воведува одредба, каде што акционерот ќе има право да го служи директорот. Исто така, точно е тоа дека некои ученувачки работи што направиле нашите менаџери, дека доколку не ги даваше акциите, ќе те избрка од работа, тоа нема да го има. Да бидеш менаџер и во исто време да бидеш ополномоштен со акциите од вработените, тоа ќе го нема.

Ќе кажам накратко за друштвото со ограничена одговорност. Кај овие друштва со ограничена одговорност се изработени некои одредби пофлексибилно. Тоа значи дека доколку во оснивачкиот акт се разбира дека соборот на на содржниците ќе се свика, во рок од три-четири дена,тоа ќе се направи.Такво нешто овозможува законот и тој е флексибилен.Доколку не се разбират во самиот акт на оснивање на друштво со ограничена одговорност се претставува со процедура.Тоа не значи дека нешто е напуштено од порано, туку му дава поголема флексибилност.

Искуството покажува дека друштвото со ограничена одговорност е значајна погонска машина за развој на економиите во транзиција.Законот би требало на сопствениците на оваа биснис форма да и даде максимална слобода во водењето на своите претпријатија, без некои посебни формалнос кои се соодветно за поголемите, за јавните акционерски друштва.На пример, при гласањето, преносот на одредбите итн. Доколку се рзбира во писмена форма.Законот предвидува диспозитивни правни норми, односно норми кои ќе се применуваат во одредено друштво со ограничена одговорност само ако содружниците не се договорат поинаку во писмена форма, а секако, дека ја има целосната слобода да го направат тоа. Тоа значи дека не се забранува ништо, никаков концепт тука не гледам дека е напуштен европскиот концепт.Само му даваме поголема флексибилност и слобода.Наместо да се свика Собранието на содржниците на 21 ден а државата е најголема во структурата на содружниците на пример во некоја компанија, кога треба да се донесува некоја одлука по експедитивно, побрзо го свикува Собранието на содружниците ја донесуваат одлуката и компанијата како компанија ќе биде поефикасна и ќе функционира побрзо, итн.

Што се однесува кај управувањето со друштвото за огрнаичена одговорност голем број измени се направени за да се охрабри доброто управување со ова друштво.

Собранието на акционерите ќе го именува бордот на директорите Таму ќе има независни директори.Во стариот закон која е улогата на тие независни директори на извршните директори (благодарам за корекцијата), не беа јасно издефинирани која е нивната улога, а со Предлог законот веќе се прецизираат таквите работи. Бордот на директорите ќе го назначува менаџерот кој ќе управува со друштвото со реизбор секоја година. Тоа значи дека секоја година кој треба да дава извештај за работењето во друштвото и да одговара и да покажува лојалност во друштвото. Тоа досега не беше.

Исто така, досега беше шест години мандатот на директорот а сега, секоја година има реизбор.Сега, доколку на некои големи компании директори што имаат по 5 % од акциите ги условуваат нивните работници доколку не му ги даваат акциите да управува ќе ги избрка од работа сега со овој закон тоа го нема. Со целокупниот имот ќе одговара директорот доколку направи злоупотреба во самото друштво.

Околу заштитата на ситните акционери сакам да потенцирам дека ситните акционери ќе бидат заштитени токму со овој предлог закон. Со претходниот закон не беа заштитени. 51% од акциите што ги имаше некое физичко лице, истиот ги назначува седумте члена во надзорниот одбор, ги назначуваше 5 члена во управниот одбор и управниотт одбор беше тој што менаџираше со фирмата. Тоа нема да го има. Со постоечкиот предлог закон ќе биде менаџеррт член на бордот на директорите, .а не сакам да потенцирам имиња доколку не ми ги даваш акциите ке те избркам од работа и постојано да има некое уценување на вработените што имаат акции во самото друштво. Тоа со овој закон ќе го нема. Околу распределбата на девидендата тоа е слобода на акционерите, доколку акционерите се сложуваат дека ќе

делиме девидента во текот на годината, нека поделат, тука ништо не е спорно. Доколку акционерите одлучуваат дека му даваат овластување на бордот на директорите да емитуваат акции и да продаваат,каков спор е тоа. Не гледам дека е спорно. Не гледам дека е напуштен Германскиот или Европскиот концепт и ние сега преминавме во американскиот концепт. Да преминавме во американскиот концепт господини пратеници треба да ги земеме добрите елементи за ефикасно функционирање на економијата, меѓутоа не би се подготвувал законот година ипол во Министерството за економија со надворешни и внатрешни експерти со дирек-тори од берзата, со претставниците од Секторот за законодавство и со професори од правниот факултет. Вашите професори особено господинот Билисалис, сега сака да ја избрка од работа, поради тоа што во имплементацијата на истиот закон нема да учествува тој што треба ние да ги еду-цираме акционерите кои се нивните права и обврски и што се издвоени средства околу 2 милиони долари.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине министре не спомнувајте имиња кој не се присутни во салата. Продолжете, само не спомнувајте оти ќе ви го одземам зборот.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Јас ве уверувам дека не е напуштен германскиот концепт иако што го прилагодивме кон нашата економија, има елементи од неколку земји меѓутоа постојано во секоја регулатива сум бил ангажиран со странски и домашни експерти и така што јас му предлагам на Собранието на РМ, да го прифати Законот за трговски друштва заради тоа што овој закон е закон за бизнисот, му дава слобода тие да одлучуваат а не да ја водат таа судска постапка бавна која се водеше досега, туку слободно.

Исто така, сакам и ,дава да го потенцирам дека не се заштитени. Сакам и ова да го потенцирам дека досега не беа заштитени. Од сега натаму ќе бидат заштитени, доколку се сака да се продава имотот на некоја компанија, мора да се плаќаат акциите со пазарна вредност.Тогаш ќе го продаваш имотот на фирмата.

Јас исто така можам да ги коментирам и коментарите, бидејќи знам кој што коментирал. Во суштината ништо не се критикува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Бесник Фетаи. За збор се пријави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратенииц, почитувани претставници на Влада.

Имавме прилика да слушнеме дополнителни аргументации од страна на министерот, во врска со мотивите кои што него го воделе, а Владата да прифати предлог на сосема нов текст на закон и веднаш да кажам дека министерот многу малку разбрал од тоа што јас го кажав и оттаму, не се обиде да полимизира со аргументација, туку со епиќетација на лица кои што не се тука, а за кој што јас воопшто не сум заинтересиран. Така гато, во тој дел од настапот на министерот да оставам другите кои што беа споменати да реагираат, затоа што ценам дека јас не примерно од мене да коментирам непримерен коментар од министер на говорница. Тој избега, меѓутоа ќе биде добро да останеше, затоа што и кога говорев на говорница се повеќе си разговараше по телефон, отколку што слушаше и оттаму, дополнително ми е јасно зошто не ги разбира работите. Дека не ги разбра, еве аргументација. Во првиот негов дел од аргументирањето кажа дека досегашниот закон е преведен од германскиот закон. Јас кажав дека досегашнио закон е компилаицја помеѓу германското и француското законодавство. со одредени членови кои што се преземени од англиското законодавство, кое што е важечко и во ирска. Така што, ако веќе делот од германското законодавство го преведовме и чисто го презедовме, тогаш и она од Француското од германски го презедовме, бидејќи на крајот од неговото излагање тој кажа дека неотстапува од европското законодавство. И дека овие измени се во духот на Европското законодавство. Па повторно одиме кон законски проект кој што е важечки во Европа, поготово во Германија и Франција а кој што се применува, тој рече само во Германија и Хрватска, а јас ќе кажам и во кои други земји: Полска, Чешка, Словенија, Унгарија, Словачка, ја спомна Хрватска, Романија и Бугарија. Значи не е само Германија и Хрватска. Повеќе земји. Тоа како министер требало да го знае, или пак неговоите советници да му го кажат. Сега, ако тој концепт не бил добар за овие земји, а добар е концептот кој што се нуди, а кој што се применува во Белорусија и во Таџикистан, или незнам каде во Казакстан и

во Узбекистан, тогаш да ја прифатам аргументацијата која што ја дава пред парламентот, пред пратнеиците и пред јавноста дека овој кој што се употребува во Германија, Англија, Франција, Полска, Чешка, Словачка, Словенија, Унгарија, Романија, Хрватска и Бу гарија не е добар а добар е оној во Казакстан. Штом е така, добро. Штом прифати парламентот дека е така и тоа е добро.Но, одиме понатаму. Го критикуваше двостепениот модел. Двостепениот модел е применлив и користен, затоа што само низ ваков начин може да се види правото на малиот акционер. Повторувам, ја побивам тезата кој што тој овде пополистички ја изнесе дека малите акционери ги заштитуваат со овој закон. Напротив, ги оштетува. Нека одеше на 'расправата која што имаше организирано друштво акционери, кое што е невладино друштво и кое што го сочинуваат малите акционери, а тоа се 220 илјади во РМ, да чуе таму што се зборува. Тие подобро го знаат законот од министерот, за жал.

Малите акционери преку надлежностите досега на надзорниот одбор, кој што со дветретини го избираше Управниот одбор, го имаа своето влијание во управувањето со фирмата. Сега го нема никако, затоа што тој спомна ако име 51% сопственост. Ако има 51% сопственост, што не може надзорен орган да избере, затоа што во надлежниот одбор ќе влезат членови кои што имаат акции, т.е. мали акционери, а тој што досега беше две третини да одлучат, да изберат управен одбор. Каде е местото на малит акционери за управувањето овдека. Разглобено, на мали акции и во тој дел, без никако влијание во управувањето на друштвото.

Впрочем, ако не друго г-дине министре, земете го денеска дописот од Сојузот на синдикатите на Македонија, па ќе видите дали овој закон кој што го предлагате е корисен за РМ. Еве ви една реченица: Владата треба да го повлече од процедура овој закон и да овозможи поширок временски период да расправа по него. Во Законот треба да се најде мес-тото и да се овозможи учество на работниците во органите на одлучување. Вака, вие како што предлагате се концентирара моќта во одлучувањето кај одборот на директори и со тоа се запоставува влијанието на малиот акционер во носење на одлуки на друштвото.

Понатаму, разбирливо е штом концентрирате моќ на управување во одбор на директори, тогаш и обврзани сте да им дадете право секој ден или неколку пати во годината да делат дивиденда. Затоа, тоа го правите. Не го правите за да земат малите акционери. Да земат големите акционери кои што го сочинуваат одборот на директори, или кои го бираат одборот на директори. Ова е делогкој што се однесува на потребата дали овој закон е потребен на Македонија. Ако Синдикатот го погледате ке видите дека и во тоа не сте во право.

На крајот, со одредбите од овој закон директно сте во судар со одредбите од петтата директива на ЕУ, или од втората директива на ЕУ. Со одредбите од овој закон не сте доследни во потпишување на договорот за асоцијација и стабилизација во ЕУ, со што Македонија ќе се соочи во наредниот период.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор Бесник Фетаи, министер за економија.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Не е точно дека Словенија има таков закон и овие земји што ги потенцирав, заради тоа тие имаат поголема флексибилност и поголема слобода. Со законот ништо не се прави освен што им даваме поголема слобода на акционерите, т.е.како се заштитуваат ситните акционери кои не беа заштитени. Не беа заштитени заради тоа што, конкретен случај колку фирми сакаш ќе ги потенцирам. Еве ќе земеме за пример некоја фирма која има над 51 % и таа го формира управниот одбор и тоа секој од пратениците го знае. Меѓутоа, сега даваме право на кумулативно гласање. Доколку некој има 60% од акциите, а другите имаат 40% од акциите, дококу бордот на директорите го сочинуваат 5 луѓе. Тие што имаат 40% од акциите ите ќе имаат право со кумулативното гласање, сега не можеме матиматички да го пресметаме, ќе има 2 члена во бордот на директорите, постојано ќе го следат работењето на друштовото. Не може да се каже дека ситните акционери не се заштитени. Тоа е прво.

Второ, во сегашниот закон, јас како министер за економија никогаш не би купил акции кај компанијата што има управувачки пакет. По предложениот закон секогаш би купил акции заради тоа што знам дека сум заштитен, знам важи кумулативното гласање, знам дека еден еден и јас ќе имам претставник во бордот на директорите. Но, даваме простор на собирањето на слободниот финансиски потенцијал и инвестирање во акции и зголемување на берзанското работење на

берзата во Република Македонија. Ова се прави со предложениот закон. А со постојниот закон никаква заштита немале малите акционери.

Трето, доколку над 75% некој ги имаше акциите и ако донесеше одлука во Собранието на акционерите да го спојува друштвото, да продава имот, ситните акционери од 25% тие ја донеле одлуката, го продале имотот, го споиле друштвото, тој ќе ги платеше акциите колку што ќе сакаше. Заради тоа немаше што да прави. А со предложениот закон за трговски друштва ќе ги плаќа по пазарна вредност. Тоа е разликата. Кои се аргументите дека сега не се заштитени ситните акционери, кои се аргументите дека порано беа заштитени ситните акционери. Никаде не беа заштитени ситните акционери. Колку фирми сакате ќе потенцирам дека не беа заштитени. Беа само уценети ситните акционери од големите компании од страна на менаџерите, тоа беа фирмите: Тетекс, Силекс-Кратово, Охис. Сите овие фирми беа потценети, ситните акционери, или ќе ми ги дадеш акциите, или ќе те избркам од работа. Тоа значи директорот како директор беше ополномоштен со акциите и од другата страна управуваше со друштвото и тоа ополномоштен од акциите на вработените неограничено. Во моментот кога со предложениот закон, во моментот кога ќе стане директор не може да биде ополномоштен со акциите од вработените. Тука е разликата, тука се заштитени ситните акционери.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави г. Димитар Бузлевски

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ако направите математика г. министре, 60 со 40 и да обезбедите со законот два члена во одборот на директори, тоа не е тој сразмер, со тоа не ги заштитувате малите акционери. Вие спомнавте 60% во сопственост, 40% во сопственост на работниците и дека му обезбедувате два члена во одборот на директори. Добрата математика докажува дека треба два и нешто за што постојниот закон нудеше затоа што надзорниот одбор со 2/3 го гласаше одборот на директори, а 2/3 многу тешко можат да се обезбедат во едно нормално управување кога се цени што значи акција и што носи акција. Кажавте некои работи кои што се однесуваат на купување на акции и интересот за купување на акции. Јас мислам дека ќе го поделите моето мислење дека акциите се вредносни документи, хартии од вредност. Акциите можат да бидат со право на глас и без право на глас. Вие доволно не баратате со тие термини, затоа што онака како што кажавте, кажавте дека мотивот за купување на акции е за да се учествува во управувањето. Основниот мотив на една хартија од вредност е да се добие профит, паричен профит од таа хартија од вредност. Тој паричен профит се вика дивиденда и тоа е основниот мотив. Тоа го пишува во учебникот по економија. Вие можете да дигате глас на говорница колку што сакате, меѓутоа фактот е тој, теоријата е таа, праксата е таа. Сакате да удрите во една болна свера во делот на ситните акционери и популистички овде да исфрлите една теза дека досега тие биле уценувани, јас не знам дали биле уценувани. Но, ќе ви кажам дека по постојниот закон имаше два вида на овластување, овластување кое што се заверува кај нотар и овластување кое што се заверва пред суд. Едното важи до првата наредна седница на Собранието. Втората може да важи најмногу до три години. И немојте да кажувате овде невистини, дека тие се со неограничено време. Со постојниот закон погледајте го членот, ќе видите дека е така. Така што можете многу пати да ги повторите овие работи, но јас ќе ви кажам дека малиот акционер ќе биде многу важен чинител во Република Македонија. Идната влада ќе му го најде правото место на малиот акционер. А не како оваа Влада која што со законот за преземање на акционерски капитал во целост го фрли надвор од настаните. Така што тоа е на штета на малите акционери. Еве, ќе ви даде совет госпоѓата Марковска, таа ја разбира оваа материја и продолжете понатаму да реплицираме заедно.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Безник Фетаи, министер за економија.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Јас тврдам, меѓутоа сега, еве можам да го побарам и членот во стариот закон каде беа ополномоштени неограничено. Не е така дека до три години, или една година, а од другата страна сега тоа право менаџерите нема да го имаат. Можат да бидат ополномештени како акционер само за една седница. А по стариот закон беа неограничено. Сега доколку можам ќе го најдам членот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г. Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Ви благодарам потпретседателе, колеги пратеници, претставници на владата, јас успеав да слушнам еден аргумент од министерот за економија господинот Фетаи кој зборува за двостепено управување, односно го негира стариот закон и се залага за едностепено управување. Јас иако во суштита не сум стручњак за овие работи, но за глобала ги познавам принципите кои скоро 50 години поранешниот систем, односно социјалистичкиот систем. Предлагам компромисно решение тростепено управување од причина што секогаш тие што имале пракса во социјалистичкиот систем едно размислувале, а друго зборуваат, а сосема трето работат. Јас знам дека боли нормално, во суштина Не верувам дека боли за господинот Бузлевски, но верувам заради доброто на граѓаните, министерот реши да го подготвни овој Предлог закон за кои сме сведоци дека има 560 члена со странски или домашни експерти. Но за жал би рекол Бузлевски го отфрлиле критериумот подобни и неподобни експерти. Затоа им препорачувам на г. министер Фетаи и тој да се консултираат, за да го поддржат сите пратеници евентуалниот закон во оваа свера кога сите подобни и неподобни експерти, така што да нема противречност во објаснувањето. Јас го поддржувам овој Предлог закон имајќи го во предвид фактот за повеќе од една и пол година беше спремен законот, така што јас сум за овој Предлог закон.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Само кратка реплика.

Почитуван колега никогаш, ама баш никогаш нема да користам реторика која што ќе значи поделба на подобни и неподобни. Тоа не ми е прифатливо во моите сваќања, затоа што мислам дека на таков начин ниту тогаш кога било нужно да се размислува како што вие кажувате, јас не сум размислувал. Овде сакав и остварив тоа што го сакав отворање полемика со концептот на законот за трговски друштва. Ве молам да имате во предвид дека оној кој што го работеше законот ми е пријател, овој закон новиот. Така што дотолку не држи она што вие го говорите и што сакате да препишете едни манири на едно поранешно време. Имајте во предвид дека Макддонија плурално живее повеќе од деценија и дека во Македонија има доволно простор за право на размислување и манифестирање на тоа размислување во овој плурализам. Оттаму јас Ценам дека вие сте зад концептот кој што се нуди, претпоставувам дека доста е разговарано во рамките на вашата парламентарна група за тоа дека имате обемна расправа спроведенсг внатре во вашата парламентарна група и дека во тој контекст сте зад овој концепт. Но дозволете, да има право некој да го спори тој концепт, а јас токму и тоа го правам на начин со аргументи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика се јави Билал Љутфии. **БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Апсолутно господине потпретседателе, господине колега, јас ќе чинам се за да вие до крај се изразите да го кажувате спротивното мислење, но јас нема да се сложам со тоа мислење.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе,

Јас би сакал процедурално да зборувам, не во врска со законот, ако ми дозволите.

Господине потпретседателе, ние денеска имаме некои партиски активности кои ги најавивме многу понапред. Ние не очекувавме денес да имаме седница. Господинот Андов сепак ја закажа седницата, дојдовме, меѓутоа заради обврски кои се со големи организацион потреби, знаете дека вечер имаме голем митинг во Скопје, а гледам дека и онака нема кворум за да се расправа по законите, јас би ве замолил седницата најдоцна до 15,00 часот да ја прекинеме без продолжение, затоа што пратеничката група во најголем дел е ангажирана околу организациони работи и ние навистина ако Е ми излезе ништо продолжиме ќе мора да излеземе, а би сакале да учествуваме во работата на Собранието. Петок обично не е работен ден, меѓутоа 6и ве замолил навистина во 15,00 часот да ја прекинеме седницата за да можеме другите активности да ги оствариме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот координатор господинот Никола Поповски и јас мислам дека неговата сугестија ќе биде прифатена. Така што ќе работиме до 15, 00 часот.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Нормално дека ќе го уважиме сите барањето на Никола Поповски да работиме до 15,00 часот. Но, тоа значи дека нема да имаме време да продолжим9 со дебатата по оваа точка од дневниот ред. Јас би ве замолил, имаме 15 мин. барем да довршиме со 110-та седница, со гласањето. Застанавме на гласањето. Да ги побараме пратениците да влезат во салата и да завршиме со тоа гласање, затоа што ја претресовме таа точка од дневниот ред, па потоа со дискусиите ќе продолжиме идната недела. Значи имаме 15 минути, па во 15,00 часот ќе прекинеме со работа. Би ве замолил ако може да пријдеме на гласање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Дика, вие сте во право и мислам Дека можеме и на тој начин да ја приввршиме денешната расправа односно седница да ја заклучиме, меѓутоа прво ги молам службите да констатираме дали имаме доволен број на присутни пратеници во салата за да пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во сапата се приоутни 46 пратеници.

Додека се соберат пратениците, јас го замолувам господинот Петар Гошев ако сака да земе збор, бидејќи беше пријавен.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас би сакал да укажам на неколку принципиелни работи повеќе околу Законот отколку за самиот текст на законот.

Јас повеќе пати имам реагирано на кршењето на Уставот и кршењето на Деловникот укажувајќи дека исклучокот во Уставот, исклучокот во Деловникот да не се разгледуваат речиси сите закони по скратена постапка апсолутно не се почитува. За жал тоа не го почитуваат сите што гласаа по сите закони, речиси сите закони ова Собрание да ги усвојува по скратена постапка. А тоа не го почитува ни претседателот на Собранието, ниту претседателството што е како форма на работа конституирано. Бидејќи претседателот постојано укажувадека сака да го штити Деловникот за работа на Собранието и Уставната комисија на Собранието секој ден не уверува дека тоа не го прави, всушност го прави спротивното а спротивното е како што реков постојано , постојано воведување на скратени постапки, супер скратени постапки за супер сложени и за супер одговорни закони. Така се прави се разбира и овој пат. Јас не гласав за овој дневен ред, овие закони да одат по скратена псотапка. Прашањето е повеќе од формално, затоа што како што беше укажано овој закон се тврди дека е добар закон. Министерот Фетаи го брани овој закон дека е добар закон, сме слушале аргументации дека и други закони се бранети и дека се употребуваат разни аргументи дека некој закон е добар и сл. на тоа. Сега министерот Фетаи исто така ни образложуваше дека овие решенија се одлични решенија и тој ни соопштува разни аргументи. Меѓутоа, ние треба да веруваме во тие аргументи на министерот и јас сега се прашувам како може да веруваме на другите аргументи кога еден од најочигледните аргу-менти се соопштува во самото писмо со кое се препорачува овој закон да се усвои по скратена постапка , супер скратена. Тоа писмо е потпишано од Љубчо Георгиевски како претседател, премиер на Владата на РМ на предлог на Министерството , најверојатно на министерот, Георгиевски се потпишал во пропратното писмо дека не се работи за сложен и обемен закон. Дека воопшто не се работи ниту за сложен ниту за обемен закон. Ако тргнеме само од овој факт , а очигледно е колку е сложене и обемен тој закон како може да им веруваме на другите аргументи кои што се скриени кои што се стурчни и кои што се делигатни и сл. на тоа. Кога се критикува министерот Фетаи дека е лош министер јас сакам да акжам дека има исто толку лоши министри кога тврдат дека ваков закон не е ниту обемен, ниту сложен закон, ама изгледа дека меѓу тие министри има еден најлош министер, тоа е првиот министер на Владата што потпишува писма, препораки дека еден ваков закон не е сложен закон Или човекот ништо не знае, или човекот во својот манир едноставно сака да мами, сака да лаже и за толку очигледни работи каков што е еден ваков сложен и обемен закон.

Се разбира кога ќе ги погледаме образложенијата и кога ќе се потсетиме на минатото што се е правено во врска со реформите ќе констатираме дека наместо да ги намалуваме трошоците за работење на ова стопанство ние трошоците постојано ги зголемуваме на ова стопанство. Постојано нив ги зголемуваме. Г-до јас ќе ве потсетам дека еднаш имавме во оваа. земја приватни претрпијатија, па имавме државни претпријатија, па имавме општествени претпријатија, планетарни турбуленции, па имавме од општествените претпријатија сега приватни претпријатија. Па, приватните претпријатија ги обликувавме со закон за трговски друштва. 1996 год, е донесен

Закон за трговски друштва. Од 1996 год, еве читаме во образложението дека се извршени негови шест односно за шест години се извршени 10 измени и дополнувања на тој Закон. 10 пати е менуван тој Закон. Сега тоа значи дека два пати годишно речиси се вршени измени и дополнувања на еден ист закон. Сега се предлага наводно закон со друга комплетна концепција.Мислам дека е тоа скандалозно и неодговорно. Не е најбитно дали некои решенија се подобри во законот што се предлага,меѓутоа ја имаме следната ситуација.Имаме реакција на стручната јавност дека овој закон не е добар закон. Имаме обиди да се дисквлификуваа таа стручна јавност со тоа што била стручна јавност која што била политички определна.Ги гледав реакциите на сите професори на Правниот факултет и бидејќи ги знам исто толку добро колку што некои други ги знаат можам да кажам дека меѓу нив може да се каже дека некои од нив биле поддржувачи на некои политички опции, а нивното стручно мислење, ако некој мисли дека задолжително го мешаат со тоа да биде дисквалификувано. Меѓутоа таму има и стручни лица и професори кои што знам никогаш,буквално не биле поддржувачи на ниедна политичка опција а искажаа длабоки, длабоки резерви за предложениот закон. Исто така имаме сериозни забелешки од Сојузот на синдикатите,кои што исто така има право да каже што мисли во врска со еден ваков фундаментален закон кој што истовремено е и општествен партнер на Владата на РМ. Ние немаме мислење од Стопанската комора која што со еден закон кој што ќе уследи, се разбира се сака да се укине или да се направи нешто друго, меѓутоа немаме мислење, а знам сигурно дека тие ексоцијалистички или нови менаџери знаат многу добро како функционираат и какви се законите за трговски друштва во Европа.Знаат сигурно да кажат и да дадат сугиестии во кој правец некои од решенијата би требало да се вментнат и вградат во законот. Така што имаме едно комплетно деза-воурирање на субјекти во РМ кои што се пвикани и компетентни да кажат нешто и кои што на некој начин задолжително би требало да бидат пра-шани за да не ни се случи повторно, само по година дена повторно нов закон, повторно нови измеки и повторно нови трошоци за стопанството. Ваков закон е класичен прекршок на Уставот и Деловникот на РМ да се носи со ваква прсшедура.Се разбира, знам дека претседавачот или претседателот што не е тука ќе каже дека Собранието гласало да се расправа за предлог за донесување и гласало, со мнозинство гласови да се расправа за самиот предлог. Ама, тоа не се никакви аргументи.

На ова Собрание не му служеа многу нешта во изминатиот период.На чест не му служи ни оваа нова сама дезавуација што ја прави. Самопотценување. Секој министер што ќе дојде да сака за еден ден да усвои закон,тоа е негово право да сака, не е проблемот во министерот што сака за еден ден да му биде усвоен закон и тој да прокнижи таму дека за неговиот мандат бил усвоен тој и тој закон.Проблемот е што една цела Влада не води сметка за темелноста.Проблемот е уште поголем што нашето Собрание не води сметка за темелноста, за одговорноста, бидејќи најодговорни се пратнеиците за донесувањето на законите. Повеќе се одговорни пратениците одколку тие што ги предлагаат законите.Затоа мојата сугестија е, независно од тоа дали овој концепт е подобар или помалку добар, независно од тоа дали има подобри решенија во овој закон за некои прашања од колку со постојниот закон,сепак министерот да го повлече законот. Сепак да се обави расправа, сепак да се направи обид да се направи поголемо усогласување или јасно расчистување на повеќе дилеми кои што постојат во врска со овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Петар Гошев.

За збор се јави г-ѓа Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и г-да пратеници, Несомнено е дека сите закони во РМ се значајни. Овој веро-јатно ќе спадне во групата на позначајни закони,меѓутоа самото тоа што се јавуваат група на луѓе кои што учествувале во градењето на други закони за кои што досегашната пракса покажала дека не биле добри зборува во прилог на тоа дека новините кои што ги носи овој закон навистина се добри. Зошто го зборувам ова? Ова го зборувам од причина што не верувам дека хипотетички ако имаме нова Влада на СДСМ, а во која што премиер ќе биде г-динот Гошев нема да се носат закони по итна постапка. Веројатно ќе се носат.Исто така, не верувам дека во ова Собрание некој овде ќе излезе со чисти аргументи и ќе рече ние сакаме и ќе делуваме конструктивно РМ да биде примена во што.Јас не сакам да го употребам зборот "лаже" затоа што грубо звучи, меѓутоа некој сака да ја заобиколи

вистината дека навистина добро работи за доброто на државата.Факт е дека од досегашните преговори со што беа добар дел од сугестиите токму за промените за овој закон. Можеби некомплетно, мегутоа во еден добар дел,за што говорат измените на овој закон. За тоа говореше и самиот министер, се направи промена на концепцијата на законот што нуди многу подобра заштита на малите акционери од колку тоа што го правеше досегашниот закон. Впрочем, тоа во еден од цитатите на министерот имавме можност да го слушнеме.

Беше укажано дека стручната јавност е поделена.Верувам дека таа по вакви прашања секогаш ќе биде поделена, а особено онаа стурчна јавност која што 10 години во РМ ги правше ваквите закони, а на која што сега тоа"задоволство" и е ускратено. Имено, од она што јас имав можност да го остварам и со разговори и со мали акционери и со добар дел на менаџери кои што се жалеа на приватизационите постапки во РМ една добра тезга на досегашната компанија , која што беше,повторно условно со провокации од страна на министерот Фетаи цитирана ќе си ја намали тезгата на компанијата, тоа е Компанијата на г-ѓата Лилјана Кимова и на д-р Беличанец, професор на Правниот факултет , КИНКОНСАЛТИНГ која што пракитчно ги направи сите речиси постприватизациони постапки да бидат така нејасно направени за кои што и судовите до сега молчеа и на крај останувaa до крај оштетени токму малите акционери на кои што се повикуваа дискутантите на опозицијата.Јас жалам што овде добар дел од луѓето кои што беа наречени само како поткажувачи а јас би рекла "непоткажувачи" можеби место членска книшка, меѓутоа луѓе кои активно работеа на опцијата на СДСМ сега ќе им биде ускратена таа можност да бишуваат статути,да пишуваат нејасни документи и да се прави една приватизација во која што на крај останаа оштетени работниците. Се разбира, приватната сопственост е неприкосновено право. Тоа ќе остане до крај, и понатаму така, меѓутоа во иднина ќе им се скрати тезгата на која што тоа го работеа во име на стручната јавност.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-динот Петар Гошев се јави за реплика.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас незнам кој ќе биде идниот премиерна Владата на РМ ама знам сигурно кој нема да биде.Тоа ми е јасно...

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Г-дине Петар Гошев би ве замолил да не провоцирате. За идниот премиер ќе решава новиот состав на Собранието. Затоа ве молам продолжете за она што ви беше намерата.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас би сакал да ми дозволите да ја завршам репликата, затоа што јас не провоцирав.Јас дискутирав за законот, некои други дискутираа за други работи. Сега вие мене ме опоменувате,не ги опоменувате другите што дискутираат за други нешта. Тие другите г-дине претседавач се обидуваат со некаква итрина, демек некого ќе ставаат во коалицијата, ќе дофрлаат вакви работи,со таква итрина,со ова,ваква слична се одржуваат четири години во државата. Се разбира таа итрина ја доведе оваа Република до ова ниво до кое што е доведена. Тоа е таа работа.

Друго, се разбира имаат право да дискутираат за вакви прашања и луѓе што немаат буквално поим од таа работа за што зборуваат. И тоа е дозволено во овој Парламент, пратениците знаат и одлучуваа за што ќе дискутираат и за што нема да дискутираат.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратнеици,

Јас бев отсутен од салата физички, меѓутоа имав можност одредени колеги кои говореа за или против овој закон,се залагаа во основа дека се менувал концептот на кој тие се навикнале да работат и кој само тие го створиле како исправен и неможе од него да се оддалечат. Потребата за постоење на трговските друштва и новиот закон е повеќе од потребно. Зошто?

Ние не можеме да извршиме регистрација на било кое друштво, неможеме да направиме промени,станавме посебна држава на светот токму од навика на тие колеги кои денеска сакаат да си одат за голем митинг. Нека си одат.Митингот не треба да го стопира законот. Ако г-дата мислат дека со купување на нивни доаѓачи на митинг по 500 денари засекој кој ќе дојде ќе го смени законот, не бива таа работа г-да. Митингот ќе биде голем неплатен. Ако не е така , вашите весници пишуваат дека сте потрошиле 3 милиони марки за тоа. Што мислите да направите?

Законот ќе помине како што е предложен и е потребен.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници,

Ние претходно имавме барање од кординаторот на пратеничката група на СДСМ и затоа јас мислам тука да прекинеме со работа, а немаме ни доволно кворум за работа.

Продолжуваме со работа во поленелник во 11,00 часот

(Седницата прекина во 15,15часот.)